РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 04-947/14
04.06 2025 год./vit
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе

# ОДЛУКА

## за избор по интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 3 (тројца) административни службеници во Министерството за дигитална трансформација

1. Виш соработник за прашања од областа на електронските комуникации, во Одделение за електронски комуникации со информатички технологии, во Сектор за комуникации, со звање виш соработник и шифра на работно место УПР0101В02000, во подгрупата на државни службеници, се избира: **Радован Ристовски.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски 19-2566/2 од 05.05.2025 и 19-3569/2 од 05.05.2025, државниот секретар упати барање број 04-947/1 од 07.05.2025 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на тројца административни службеници во Министерството за дигитална трансформација до одделението за управување со човечки ресурси врз основа на кое се објави интерен оглас број 01/2025 година за унапредување на 3 (тројца) административни службеници во Министерството за дигитална трансформација објавен на ден 14.05.2025 година на веб страниците на Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисиите за селекција за унапредување на административни службеници, формирани од страна на државниот секретар со Решение 04-947/9 од 22.05.2025 година, спроведоа административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за дигитална трансформација. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, истите составија Записник од административна селекција број 04-947/10 од 02.06.2025 година, за интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 3 (тројца) административни службеници, Записник од работата на Комисијата за селекција за



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју по интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 3 (тројца) административни службеници, број 04-947/11 од 02.06.2025 година како и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 3 (тројца) административни службеници. Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 01/2025 за унапредување на 3 (тројца) административни, државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Гордана Клинчарова**

Доставено до:
- Кандидатите
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk